Бр./Nr 12-5305/3

01-02-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 99-та седница одржано на 30.01.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-5305/1 од 10.11.2023 година, во врска со склучен консултантски договор за изработка на повеќе тендерски документации за јавни набавки, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-5305/1 од 10.11.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, Здружение на овластени _______ __ __________ __ ____ на ден 10.11.2023 година, поднесена е пријава во врска со склучен консултантски договор за изработка на технички спецификации за јавни набавки и оформен е предмет број 12-5305/1 од 10.11.2023година.

Подносителот наведува дека на веб страната на Бирото за јавни набавки бил објавен оглас со број 19627/2023 кој се однесувал на набавка на услуги за систематски прегледи на вработените во Министерството за _________ _______ _ ________ _____ ________.

Притоа, подносителот наведува дека прворангирана понуда ќе била понудата која била поднесена од страна на ____ ________, бидејќи лицето ________ _____ која била управител на _- _ _________ _____ _____ со кој субјект Министерството имал склучено договор за консултанстки услуги, со утврден месечен надомест, како и кој во својство на ангажиран консултантски субјект ја подготвувал потребната документација која подоцна била аплицирана на системот за јавни набавки по објавените постапки од страна на повеќе договорни органи.

Наведено е дека истиот правен консултантски субјект има склучено договори со повеќе институции меѓу кои Казнено Поправен Дом ____, ЈП за одржување на магистрални патишта, СУГС _________ ________ Скопје и други, кои пак кога се јавуваат во улога на договорни органи во постапки за јавни набавки за систематски прегледи ги користеле консултантските услуги, односно постапките за јавните набавки ги спроведувале на начин,

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

односно документација која била подготвена од страна на консултантската фирма _- _ ________ ____ ____.

Наведено е дека наведениот управител на оваа консултантска фирма била во блиски односи со управителот на ____ ______ на кој начин оваа установа била во предност и била прворангирана при спроведените постапки за набавка на услуги за систематски предледи.

Подносителот на пријавата наведува и дека оваа пријава била доставена и до Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција од каде било побарано постапување по службена должност.

На ден 27.11.2023 година во архивата на ДКСК доставена е пријава од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата по што е оформен предмет со број 12-5477/1 од 27.11.2023 година, во која е наведено дека од страна на истото Здружение била доставена пријава во врска со истиот оглас за јавна набавка со бро 19627/2023 кој се однесува на набавка на услуги за систематски прегледи, каде по разгледувањето на истата Комисијата наведува дека не е надлежна да постапува и пријавата ја доставува на надлежност на постапување до ДКСК.

На состанок на колегиум одржан на ден 15.12.2023 година ДКСК донесе заклучок предметот заведен со број 12-5477/1 од 27.11.2023 година да се спои кон предметот со број 12-5305/1 од 10.11.2023, а постапката да продолжи по единствена постапка во предмет со број 12-5305/1 од 10.11.2023.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг надлежен орган, а каде подносителот веќе се обратил по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: П.Б.
Одобрил: м-р Г.Т, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**